Бр./Nr 12-2254/1
19-06-2026 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19) и член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата на 33-та седница одржана на 11.06.2026 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**

Постапката по пријавата заведена под број 12-3092/1 од 03.12.2024 година, против службени лица при Министерството за ----- на РСМ, **СЕ ЗАПИРА** поради тоа што не е констатирана повреда на закон од страна на пријавените службени лица.

Предметот со број 12-3092/1 од 03.12.2024 година да се архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија за спречување на корупцијата во рок од 5 (пет) дена од денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

До Државната комисија од страна на познат подносител, е поднесена е пријава против службени лица при Министерството за ----- на РСМ – Сектор за -------, ---- и -----, поради несовесно и незаконито постапување во предметот УПП ------ од 07.10.2024 година, по вложена претставка за надзор на работењето на извршителот ------ од -----, по која е оформен предмет со број 12-3092/1 од 03.12.2024 година.
Подносителот во пријавата наведува дека по поднесена претставка од неговиот полномошник од 14.08.2024 година до Министерството за ----- на РСМ - Сектор за -------, ----- и -----, му бил доставен „Одговор на претставка“ УПП бр.---- од 07.10.2024 година и дека со нивното постапување службените лица при Министерството за ------ на РСМ – Сектор за ------, ------ и ----- ја злоупотебуваат својата службена

положба и овластување, манипулираат и прикриваат незаконито работење на извршител по извршен предмет И.бр.-----.

Државната комисија постапувајќи по пријавата, од увидот во доставените прилози кон пријавата, особено од Одговорот на претставката УПП бр.---- од 07.10.2024 година, констатира дека Министерството за ----- постапило по претставката од пријавителот и доставило одговор, како и дека Министерството за ----- и претходно постапувало по претставки од истиот подносител, со исти наводи и на исти околности, поради што на последната преставка му одговорило на пријавителот дека нема основ за понатамошно постапување, а во согласност со чл 11 од Законот за постапување по претставки и предлози.

Државната комисија при одлучувањето имаше предвид дека надзорот што го врши Министерството за ----- над работата на ----- согласно Законот за извршување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 72/2016, 142/2016 и 233/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 14/2020 и 154/2023) е само во рамките на она што е таксативно наведено во членот 54 од овој закон, додека за евентуални незаконитости при извршувањето кои пријавителот според наводите во пријавата смета дека се сторени, надлежен да одлучува е основниот суд на чие подрачје се спроведува извршувањето, по поднесен приговор од странка, учесник или трето лице, во согласност со чл.86 од Законот за извршување, а не Министерството за -----. Исто така, за одлагање на извршувањето надлежност да одлучува има претседателот на судот, во согласност со одредбите од чл.91 и 92 од Законот за извршување.

Според тоа, Државната комисија оцени дека Министерството за ----- - Сектор за -----, ----- и ----- има постапено по претставката од пријавителот во рамки на своите законски надлежности. За останатите наводи од пријавата што се однесуваат на постапувањето на извршителот во конкретен предмет пријавителот имал право да поведе постапка по приговор за незаконитости при извршувањето пред надлежен суд.

Од наведените причини Државната комисија, одлучи како во диспозитивот на одлуката.

**Претседател,**
**Адем Чучуљ**

Изготвил: м-р Ф.О, Советник
Согласен: м-р И.П., Раководител на сектор
Одобрил: м-р С.С.М, Член на ДКСК

Доставено до:
-подносителот на пријавата